Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на РСМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 129/15, 192/15, 39/216, 28/18, 65/18, 99/18, 89/22 и 171/22), **Градоначалникот на општина Штип,** на ден **19.06.2023 година**, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 214/11, КП 218/3 и КП 220/1, КО Криви Дол со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика општина Штип,** кој го донесува Општина Штип потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 214/11, КП 218/3 и КП 220/1, КО Криви Дол со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика општина Штип** се определуваат: **Локална самоуправа на општина Штип, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Електродистрибуција, Агенција за цивилно воздухопловство, ЈП за Железничка инфраструктура, АД Водостопанство на РСМ, Македонски телекомуникации, Комуналните претпријатија, Невладини организации, Еколошки друштва, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор итн.**
3. За планскиот документ на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 214/11, КП 218/3 и КП 220/1, КО Криви Дол со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика општина Штип,** за чија изработка е одговорно **Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА ПЛАН,** а го донесува советот на општина Штип, донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 214/11, КП 218/3 и КП 220/1, КО Криви Дол со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика општина Штип,** ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **влијанија врз здравјето на населението, влијанија врз социо- економската состојба, влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух, влијание врз квалитет на површински и подземни води, влијание врз почва, влијанија поврзани со управување со отпад, влијание од бучава, влијание врз природно наследство, влијание врз предел, влијание врз материјални добра, влијание врз културно и историско наследство, влијание од несреќи и хаварии.**
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Штип** на следната адреса: **www.stip.gov.mk**
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Градоначалник на Општина Штип**
**м-р Иван Јорданов**

**Бр. 18-2238/4 од 19.06.2023 година**

**Штип**